АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА

Су-04-46/20-4

16.12.2020 година

БИТОЛА

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД БИТОЛА, Петре Србиновски врз основа на член 43 од Законот за судска служба (Сл.весник на РМ бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 198/2018) по спроведената постапка по објавениот Интерен оглас бр.1/2020, за кариерно унапредување на судски службеници, за работно место Самостоен судски референт – водител на уписник ГЖ – 1 извршител по доставениот Предлог на кандидати за унапредување со утврдена Конечна Ранг-листа на кандидати на Комисијата за селекција за унапредување од 15.12.2020 година, на ден 16.12.2020 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор на 1 извршител – кандидат за унапредување на работно место Самостоен судски референт – водител на уписник ГЖ**

За работното место со реден број 4 од Интерниот оглас бр.01/2020 , Самостоен судски референт-водител на уписник ГЖ, Категорија Г, Ниво Г-1, шифра СУД0101Г01001- 1 извршител, се избира кандидатот:

1. **СНЕЖАНА ДАМЈАНОВСКА**

Решение за унапредување за избраниот кандидат ќе се донесе по правосилноста на оваа одлука

О б р а з л о ж е н и е

По добиената согласност од Судски Буџетски Совет на Република Северна Македонија бр.08/996/4 од 22.10.2020 година, добиената согласност од Министерството за финасии бр.19-5764/2 од 19.10.2020 година и Известувањето за исправка на согласност од Министертсвото за финансии бр.18-5764/4 од 13.11.2020 година од страна на Апелациониот суд Битола на веб страната на судот на ден 01.12.2020 година, објавен е Интерен оглас бр.1/2020 за кариерно унапредување на 11 судски службеници.

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на судски службеници, Комисијата за селекција за унапредување формирана од страна на Апелационен суд Битола со Решение СУ-02-192/20 од 07.12.2020 година, направи административна селекција за што состави Записник за административна селекција Су-04-46/20-4 од 15.12.2020 година . По извршената административна селекција од страна на Комисијата , со уредните кандидати кои што ги исполнуваат условите предвидени согласно Законот за судска служба ,Комисијата одржа интервју по што состави Записник од интервју на кандидатите за унапредување на работното место Самостоен судски референт-водител на уписник ГЖ Су-04-46/20-4 од 15.12.2020 година и потоа изготви Конечна ранг листа на

интервјуираните кандидати и Предлог за избор на кандидат за унапредување после што Предлогот е доставен до Претесдателот на Апелационен суд Битола.

Врз  основа на доставениот предлог Претседателот на Апелациониот суд Битола донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

Примерок од Одлуката да се достави до избраниот кандидат, останатите кандидати кои не се избрани и истата да се објави на огласна табла и на веб страницата на судот.

.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ
Петре Србиновски

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на известувањето за извршен избор преку овој суд до Советот на судска служба